**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**
1107-8809/2025 од 26.11.2025 08:22:54

**Податоци за сертификатот на овластеното лице**
**Сертификатот е издаден на:** Јагода Вапска
**Издавач:** Makedonski Telekom CA
**Сериски број:** f33d837
**Валиден до:** 02.10.2027
**Датум и час на потпишување:** 26.11.2025 во 08:22:56
**Документот е дигитално потпишан и е правно валиден**

1107-8809/2025

Врз основа на член 161 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија", бр. 55/13, 41/2014, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/19 и 155/24), Агенцијата за катастар на недвижности, Центар за катастар на недвижности Скопје по барање на по службена должност од податоците во катастарот на недвижности го издава следното

# У В Е Р Е Н И Е

## ЗА ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД НА ИЗВРШЕНИТЕ ЗАПИШУВАЊА

## за КП број 2142/123 КО МАЏАРИ

Со излагањето на јавен увид на податоците премерот извршен 1938 година на начин и постапка регулирани со Закон за КО Маџари КП.395 нива 2-ра класа од 18680м2, нива 4-та класа со површина од 75052м2 и нива 5-та класа со површина од 11400м2 била евидентирана во ПЛ 59 на Жерајиќ Обрен.
Во периодот што следи и согласно наредба на ревизија на катастарот бр. 591/48 (сл.весник бр. 8 / 48 ), КП 395 со непроменета површина евидентирана е во ПЛ 175 на ОИ Факултетско стопанство Вардар с.Трубарево.
Во 1979 година врз основа на Решение Уп.бр. 13-1960/78 и Уп.бр. 13-2026/78 од Собрание на Општина Г.Баба, КП 395 нива 2-ра класа со површина од 17900м2, нива 4-та класа со површина од 75052м2 и нива 5-та класа со површина од 11400м2 се евидентира во ПЛ 175 Факултетско стопанство Вардар с.Трубарево.
Во 1993 година согласно член 5 од законот за изменување и дополнување на законот за градежно земјиште (сл.весник бр.21/91) , ПЛ 175 (цел посед) се евидентира на РМ-Факултетско стопанство Вардар с.Трубарево.
Во 2004 година врз основа на Решение бр. 01-4397/4/99 од Завод за статистика и Решение трег.бр. 11020/98 од Основен суд Скопје 1, ПЛ175 ( цел посед) се евидентира на РМ-корисник АД за производство и промет на земјоделски и сточарски производи Факултетско земјоделско стопанство с. Трубарево.
Во 2008 година врз основа на Извод од план бр.27-964/186/08 од 23.02.2008 година од Општина Г. Баба, копие од нумерички податоци бр. 1104/1593/1/08 од 17.03.2008 година од Д.З.Г.Р, Извод од план бр. 27-964/107 од 26.02.2008 година од Општина Г. Баба, копие од нумерички податоци бр. 1104/1591/1 од 18.03.2008 година од Д.З.Г.Р., Извод од план бр. 27-964/187, бр. 27-964/104 и бр. 27-964/125, Решение Уп.бр. 1117/11153/08 и бр. 1117/11535/08 од 07.10.2008 година од овој сектор и дополнително Решение Уп.бр.1117/11153/08 и бр. 1117/11535/08 од 14.10.08 година од овој Сектор, од КП 395 се оформува КП 395/1 нива 2-ра класа со 17900м2, нива 4-та класа со површина од 67766м2 и нива 5-та класа со површина од 8997м2 и се евидентира во ПЛ 3797 на Република Македонија.
Во 2010 г. престанува да се применува катастарот на земјиште за дел од КО Маџари , установен согласно Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите , а во примена стапува катастар на недвижности за КО Маџари , установен согласно Законот за премер и запишување на правата на недвижностите.
При устројување на катастарот на недвижностите извршена е нова нумерација за катастарските парцели, при што дел од КП395/1 КО Маџари настаната е КП2142/ 123 КО Маџари .
Во 2012 година врз основа Предмет 1126-3255/12г. од овој Сектор, постојна кат. евиденција

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**
1107-8809/2025 од 26.11.2025 08:22:54

1107-8809/2025

КП 395/1 од ПЛ 3797 КО Маџари-кз, од КП 2142/1 (која е запишана воИЛ 678 со неутврдено право на сопственост) се оформува КП 2142/123 градежно неизградено земј. со 270м2 и се запишува во ИЛ 66912 на Р.Македонија сопственост.

Заклучно со 26.11.2025 година други промени нема.

**Овластено лице**

М.П. **Јагода Вапска**

(име и презиме, потпис)